**20151534390**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 август 2015 година.

Бр. 08-3994/1
27 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 1

Во Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 70/2007, 114/2009 и 6/12) во член 31-а ставот (2) се менува и гласи:

„ Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице доколку постапи спротивно на одредбите од членот 17 од овој закон. "

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од став (2) на овој член на одговорното лице во правното лице."

Ставот (3) станува став (4).

Член 2

По членот 31-б се додава нов член 31-в, кој гласи:

"Член 31-в

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците. "

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".